**20260781200**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 14 став (5) од Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 154/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/21), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛОТ И УВОЗНИКОТ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ЃУБРИЊАТА, БИОСТИМУЛАТОРИТЕ И ПОДОБРУВАЧИТЕ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА ВО ЛИСТАТА НА ЃУБРИЊА, БИОСТИМУЛАТОРИ И ПОДОБРУВАЧИ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЃУБРИЊА, БИОСТИМУЛАТОРИ И ПОДОБРУВАЧИ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината на барањето од производителот и увозникот и потребната документација за евидентирање на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата во Листата на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, како и формата и содржината и начинот на водење на Листата на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата.

Член 2

(1) Барањето од производителот и увозникот за евидентирање на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата во Листата на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата се поднесува на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Кон барањето од членот 2 од овој правилник се доставува следната документација:

1. Извештај и мислење за видот, параметрите и употребата на ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата, издадени од лабораторија акредитирана од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија;

2. Безбедносен лист за ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата, издаден од производителот;

3. Доказ за составот и хранливите материи на ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата, издаден од производителот;

4. Декларација за ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата, издадена од прозводителот;

5. Декларација за ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата за пуштање во промет во Република Северна Македонија;

6. Доказ за уплатена административна такса согласно Законот за административните такси и

7. Доказ дека ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата е сертифициран да се користи во органското земјоделско производство, доколку ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата е наменет за примена во органското земјоделско производство.

(2) Документацијата од ставот (1) точките 1, 5 и 6 на овој член се доставува во оригинал, додека документацијата од ставот (1) точките 2, 3, 4 и 7 на овој член се доставува во копија и преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач.

Член 4

(1) Листата на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата се води во електронска форма.

(2) Формата и содржината на Листата од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Ѓубрето, биостимулаторот и подобрувачот на својствата на почвата се евидентира во Листата на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од членот 2 од овој правилник, а врз основа на решение за евидентирање во Листата на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата донесено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Евидентирањето на ѓубрето, биостимулаторот и подобрувачот на својствата на почвата во Листата на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата е со важност од пет години, а после тоа се брише по службена должност од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Фитосанитарната управа.

(3) Производителот или увозникот на ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата, секоја промена на податоците евидентирани во Листата на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата ја пријавува во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Фитосанитарната управа, најдоцна во рок од 30 дена од денот на направената промена.

(4) Производителот или увозникот на ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата може да поднесе барање за бришење од Листата на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Фитосанитарната управа кон кое ќе приложи образложение за причините за поднесување на истото.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 104-3789/3
8 април 2026 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

Прилог 1

**Барање од производителот и увозникот за евидентирање на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата во Листата на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата**

| **Податоци за подносителот на барањето** | | |
|---|---|---|
| Назив на правно лице: | | |
| Адреса и контакт телефон: | | |
| Единствен даночен број: | | |
| Единствен матичен број на субјектот: | | |
| Статус: | Увозник | Производител |
| Назив на производителот ( во случај кога увозникот го евиденитира ѓубрето/биостимулаторот/подобрувачот на својствата на почвата): | | |
| **Податоци за ѓубрето/биостимулторот/подобрувачот на својствата на почвата** | | |
| Земја на производство | | |
| Трговско име | | |
| Вид | | |
| Начин на пакување (kg/l или во ринфузна состојба) | | |

Во прилог кон барањето ја доставуваме следната документација:

1. Извештај и мислење за видот, параметрите и употребата на ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата, издадени од лабораторија акредитирана од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија;
2. Безбедносен лист за ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата, издаден од производителот;
3. Доказ за составот и хранливите материи на ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата, издаден од производителот;
4. Декларација за ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата, издадена од прозводителот;
5. Декларација за ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата за пуштање во промет во Република Северна Македонија;
6. Доказ за уплатена административна такса согласно Законот за административните такси и
7. Доказ дека ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата е сертифицирани да се користи во органското земјоделско производство, доколку ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата е наменет за примена во органското земјоделско производство.

Датум: ______________

М.П. ____________________

(потпис)

Прилог 2

## Листа на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата

| Реден број | Назив и адреса на производителот на ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата | Назив и адреса на увозникот на ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата | Трговско име на ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата | Вид на ѓубрето, биостимулаторот или подобрувачот на својствата на почвата | Архивски број и датум на Решението за евидентирање во Листата на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата | Архивски број и датум на Решението за бришење од Листата на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |